ДОПОЛНУВАЊЕ НА

БАРАЊЕ ЗА Б – ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

ПОДНОСИТЕЛ: КИРО ДАНДАРО ДОО, Битола

Април 2026

Инсталацијата КИРО ДАНДАРО ДОО Битола поднесува ДОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА Б – ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА согласно доставено известување за дополнување на Барање за Б – Интегрирана еколошка дозвола бр. УП1 бр.31-83/4 од 18.02.2026 од Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште – Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола.

СОДРЖИНА:

1 ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ 4

2 УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА 25

3 СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА 25

4 ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД 31

5 ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА 36

6 ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛЗИАЦИЈА 40

7 БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ 42

8 ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ 46

9 ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ 47

10 СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ 51

11 ДОПОЛНИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА 52

12 ИЗЈАВА 53

1 ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

1.1 Да се наведе на која КП е лоцирана инсталацијата

Печатница КИРО ДАНДАРО ДОО експорт импорт Битола е лоцирана на катастарска парцела 17578/1, 17578/2, 1758/5, 1758/6 и 1758/9 впишани во Имотен лист бр.8809 и 22411, Катастарска општина Битола 1/2.

Прилог 1 - Имотен лист број 8809 и Имотен лист број 22411

1.2 Да се наведат координати на граници на локација

Слика 1 - координати на граници на локација

Реден број	Координати	
	Y	X
1.	7528767.61	4542022.17
2.	7528702.51	4541949.23
3.	7528708.67	4541890.04
4.	7528738.93	4541826.58
5.	7528734.43	4541814.72
6.	7528708.67	4541830.40
7.	7528715.11	4541725.40
8.	7528731.91	4541717.14
9.	7528755.15	4541731.98
10.	7528722.67	4541751.02
11.	7528726.87	4541801.98
12.	7528773.63	4541774.26
13.	7528781.33	4541783.50
14.	7528772.09	4541787.84
15.	7528818.15	4541812.48
16.	7528826.17	4541810.41
17.	7528842.55	4541783.81
18.	7528895.91	4541815.23
19.	7528871.55	4541856.39
20.	7528854.89	4541846.45
21.	7528841.59	4541845.89
22.	7528786.37	4541942.07

1.3 Да се достави опис на геолошките, геолошко-хидрогеолошките, геоморфолошките карактеристики на локацијата и климатските карактеристики на подрачјеот

Геолошки карактеристики

Спроведените истражувања укажуваат дека геологијата на регионот Битола е карактеризирана со долунаведените геолошки (литолошки) единици:

• Sqse – Комплекс на палеозојски филитоидни серии: филит, аргилошист, аргилофит и мета песочник. Овие литолошки единици се карактеристични за западно-македонската геолошка структура, поконкретно северно од линијата Битола-Ресен. Во овој предел се пронајдени неколку вида магматски карпи, и тоа: гранит, риолит и габро. Главна хидро-геолошка карактеристика на оваа единица е неговата непропустливост на вода (преносливост – T < 15 m2/ден). Плитко под

површината и на локално ограничен простор, пронајдени се извори на вода (опсег Qspring < 0,05 L/s), што се должи на развиениот фрактурен тип на порозност. Гледајќи од инженерско-геолошки аспект, во рамките на овој комплекс постои ризик од ерозиони процеси (теснеци) и лизгање на земјиштето на карпестите маси. Во однос на тоа, посебно внимание треба да се обрне на делот од трасата на далекуводот од планинскиот премин Ѓавато до селото Сопотско и кај селата Златари – Кривени – Горно Крушје.

• PI – Плиоцен глинест чакал, песок и песочник, развиен во Преспанската Котлина (во селата Сопотско, Јанковец и Кривени). Овие седименти се од групата на средно водопорозни седименти (опсег Qspring = 2-10 L/s), додека постоечкиот непропустлив слој се опишува со артерски и подартерски подземни нивоа.

• Кватернерни алувијални, пролувијални, барски и флувиоглацијални наноси (al, b, pr, fgl) се наоѓаат во неколку делови од должината на трасата на далекуводот, и тоа: од селата Новаци до Кукуречани, од Битола до селото Ѓавато и во Преспанската Котлина. Присуството на водонепропустлив слој се карактеризира со слободно ниво на подземна вода, како резултат на активна хидраулична врска со водотеците. Нивото на подземната вода варира плитко под површината и се зголемува до површината во периоди на хидролошки максимуми. Седиментите на оваа единица главно припаѓаат на групата на средни до високо водопропустливи седименти (опсег T = 15-20 m2/ден и Qwell < 2-10 L/s). Овој тип на седименти, регистрирани помеѓу селата Добромири и Карамани во Пелагониската Котлина, се покажале како неповолни за земјена основа за тешки конструкции.

Геологијата на поширокатa област на Битола може да се опише со следните геолошки (литолошки) единици:

- Комплекс на палеозојски карпи:
  - Sqse (комплекс на палеозојски филитни шилци). Овој комплекс е главно водонепропустлив со неколку избори на вода и е подложен на ерозија и лизгање на земјиштето на карпестите маси.
  - Sq (мета песочник). Тенки слоеви или поголеми маси кои се поместуваат хоризонтално или вертикално.

- M (мермерен варовник). Пронајден јужно од селото Калиште како изолирани помали маси. Овие маси имаат варовничка плоча на долниот дел и масив на горниот.

• Комплекс на мезозоични карпи (претставени со седименти од тријасик)
- T21 – Конгломерати, настанати во базалниот дел од тријасик седиментите и ретко како инертни слоеви во глинен камен.
- T21 – Песочник, алевролит и глинен камен развиени на Планината Јабланица под големи варовнички маси. Овие маси се карактеризираат со ритмичко таложење.

Хидрогеолошки карактеристики

Хидрогеолошките услови во подрачјето на Битола се определени од геолошката градба, литолошкиот состав на карпите и хидролошките карактеристики на теренот.

Во рамките на котлинскиот дел се развиени порозни водоносни хоризонти во алувијалните и неогенските седименти, особено во чакалестите и песочните слоеви. Овие седименти се карактеризираат со добра водопропустливост и претставуваат значајни акумулации на подземни води.

Подземните води во овој регион најчесто се јавуваат како:

- плитки фреатски издани
- локални артески издани во подлабоките седиментни слоеви

Нивото на подземните води варира во зависност од сезонските хидролошки услови, количината на врнежи и влијанието на површинските водотеци.

Значаен хидролошки елемент во регионот претставува реката Драгор, која тече низ Битола и претставува дел од поширокиот слив на реката Црна. Покрај неа, во подрачјето се присутни и повеќе помали водотеци и дренажни канали кои имаат улога во природното одведување на површинските и подземните води.

Планинските подрачја на Баба Планина се карактеризираат со пукнатинско-порозни водоносни системи, при што подземните води се акумулираат во

пукнатините на карпестите маси и претставуваат извор на повеќе извори во подножјето на планината.

Геоморфолошки карактеристики на подрачјето на Битола

Подрачјето на градот Битола се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија, во рамките на Пелагониската котлина, која претставува една од најголемите морфоструктурни единици во државата. Релјефот на ова подрачје е резултат на сложени тектонски движења, ерозивни и акумулативни процеси кои се одвивале во текот на геолошката историја.

Релјефни карактеристики

Пелагониската котлина претставува тектонска депресија со издолжена форма во правец север–југ. Надморската височина на котлинското дно во подрачјето на Битола се движи приближно од 550 до 650 m. Котлината е опкружена со планински масиви, од кои најзначајна е Баба Планина на запад, со највисок врв Пелистер (2601 m), додека на источната страна се издигаат Ниџе и Селечка Планина.

Релјефот во поширокото подрачје може да се подели на неколку основни морфолошки целини:

Котлинско дно – претежно рамничарски терен формиран со акумулација на неогенски и квартарни седименти. Овој дел има благ наклон и претставува најзначајна земјоделска површина во регионот.

Алувијални рамнини – формирани долж речните текови, особено покрај реката Драгор и нејзините притоки. Овие површини се создадени од наносен материјал како песок, чакал и ситнозрнести седименти.

Падински терени – преодни зони помеѓу котлинското дно и планинските масиви, со умерени до поголеми наклони. Овие терени се формирани под влијание на ерозивни и делувијални процеси.

Планински релјеф – присутен на западниот раб на котлината, каде доминира Баба Планина. Овој релјеф се карактеризира со изразена расчленетост, стрмни падини, долови и изворишни делови на повеќе водотеци.

Геоморфолошки процеси

Современиот релјеф во подрачјето на Битола е резултат на дејството на повеќе геоморфолошки процеси, меѓу кои најзначајни се:

Флувијални процеси – поврзани со дејството на речните текови, кои предизвикуваат ерозија, транспорт и акумулација на наносен материјал.

Делувијални процеси – карактеристични за падинските делови, каде се јавува постепено пренесување на материјал под влијание на гравитацијата и атмосферските води.

Ерозивни процеси – особено изразени во планинските делови, каде се формираат долови и ерозивни форми на релјефот.

Во рамките на котлинското подрачје релјефот е релативно стабилен, со мали наклони и без изразени геоморфолошки нестабилности, додека во падинските и планинските делови се јавуваат поинтензивни ерозивни процеси.

Климатски карактеристики

На регионот Битола владее умерено – континентална клима со изразени четири годишни времиња. Планините се карактеризираат со планинска клима. Зимите се карактеристично влажни и студени, додека летата се суви и топли. Битола се наоѓа на околу 150 километри од Егејското Море, но влијанието на медитеранската клима е ограничено од планинските масиви на јужната периферија од Пелагониската Котлина.

Просечната годишна температура во Битолскиот регион е 11,3 °C. Најтопол месец е јули со просечна температура од 21 °C, а најстуден е јануари со преосечна температура од -0,3 °C. Просечната температурна разлика помеѓу есента и пролетта е 0,9 °C, при што есента е потопла. Локалната континентална карактеристика на Пелагониската Котлина се изразува со апсолутна минимална температура 29,4 °C.

На столбестиот дијаграм се прикажани просечните месечни температури на подрачјето на Битола.



Слика 2 – Просечни месечни температури на подрачјето Битола

Просечните врнежи на овој регион изнесуваат 598 mm, нерамномерно движејќи се од 359 mm до 818 mm во текот на годината. Најврнежлив период е есента со просечна вредност од 171 mm, а најмалку врнежливо е летото со просечна вредност од 106 mm. Најврнежлив месец е ноември, чија просечна вредност е 72 mm, односно 12 % од просечната годишна вредност. Во Пелагонсиката Котлина врнежите се главно од типот на дожд и снег, и се најчесто присутни во зимските месеци. Снежната покривка врз оваа котлина просечно трае од 34 до 36 дена во годината. Од друга страна, сушните периоди во Пелагониската Котлина се пофреквентним и тоа најчести во лето и есен (61%), а поретки во зима и пролет (39%). Сушните периоди се дистрибуирани по сезони на следниов начин: лето 34%, есен 27%, зима 23% и пролет 16%.



Пелагониската Котлина се одликува со 2.321 час сончеви зрачење во текот на целата година, односно 6 часа зрачење дневно. При што, максимумот се јавува во јули кога се присутни 336 сончеви часови, односно 10,8 часа дневно.



Просечната годишна релативна влажност на регионот Битола е 70%. Релативната влажност трпи постепено намалување во периодот од јануари до август, и потоа брзо зголемување од септември до декември. Највисоката месечна вредност за релативната влажност се движи од 82% до 84% во месецот јануари, а најниската од 56% до 57% во август. Најчеста појава на магла во Пелагониската Котлина има во зимскиот период, со просечно 25 дена магла годишно.

Најчести ветрови во Пелагониската котлина оние од северен и јужен правец. На Битолско поле доминантен е северниот ветер со просечна годишна фреквенција од 189 ‰, просечна годишна брзина од 2,2 m/s и максимална брзина од 15,5 m/s.

Ружата на ветерот ја претставува просечната брзина и правецот на ветерот во Битола во периодот 2008-2010 година. Податоците се базирани на синоптички метеоролошки набљудувања од станицата на УХМР во Битола. Розата на ветерот во проценти (%) ги претставува просечните сектори на ветерот (од каде што дува ветерот) и просечната брзина на ветерот (m/s) како процент (%) од секој сектор.



Слика 3 – Ружа на ветрови

Земајќи ги во предвид вертикалните климатски појаси, почвите на Битолскиот регион можат да се поделат на:

- Топол континентален предел на надморска височина од 600 до 900 метри, под кој спаѓаат Пелагониската и Преспанската Котлина, Охридското и Струшкото Поле. Главни карактеристики на овој предел се умерената температура, зголемената влажност и ниското ниво на аридност кое води до зголемување на производството на биомаса и помал интензитет на процесите на минерализација. Овие причини предизвикуваат поголем интензитет на акумулација, деалкализација и ацидификација на хумус. Доминантни се не-карбонатни седименти кои формираат зонски почви во овие долини, главно циметна шумска почва (хромичен камбисол) под ксерофилна и термофилна вегетација на даб. Тие заземаат брановидни ридски релјефи до 900 m и езерски тераси во долините, на терциерни седименти, особено неогенски езерски седименти и некои понови. Тие може да се најдат на мезозоички и палеогени (еоцен) седименти и поретко на компактни базни карпи и пирокластични седименти.

- Студен континентален предел на надморска височина од 900 до 1100 метри која ги вклучува ниско планинските области (ридски и планински терен од месноста Ѓавато до Ресен и понатаму до Струшко поле, како и на долните падини на планината Јабланица). Геолошкиот супстрат, главно, се состои од компактни карпи на силикатни и карбонатни бази. Главниот тип на почвата во овој појас е кафеава шумска почва (калкокамбисол). Овие почви се најзастапен тип почви во Македонија. Тие зафаќаат околу третина од планинската територија во земјата и се формираат врз компактни кварцни карпи, како и на голем број на компактни киселини, неутрални бази и ултра базни силикатни еруптивни и метаморфни карпи, на мали области, на силикатни седименти без карбонат.

1.4 Приклучок на канализациона мрежа

Канализационата мрежа во рамките на предметната инсталација е организирана како интерен систем составен од повеќе приклучоци, кои ги собираат отпадните води од различните делови на печатницата. Сите интерни приклучоци се поврзани и завршуваат во главен одводен канал лоциран во Магацин 1, кој се наоѓа во рамките на фабричкиот комплекс на парцела бр. 17578/1, објект бр. 8.

Од наведениот одводен канал, отпадните води се одведуваат надвор од фабриката, по што истиот се приклучува на јавната канализациона мрежа управувана од надлежното јавно претпријатие Нискоградба Битола.

Дополнително, одводниот канал лоциран на парцела бр. 17578/1, објект бр. 8 претставува заеднички канализационен вод, на кој се приклучени и отпадните води од други правни субјекти лоцирани на соседните парцели бр. 17578/7, 17578/8, 17578/4 и 17578/10. Со оглед на тоа, каналот има функција на заедничка инфраструктура за одведување на отпадни води за повеќе корисници.

1.5 Да се достави детелен опис на објектите во кои што се врши дејноста и активноста (производствен, магацински, административен дел)

Дејноста на Киро Дандаро се одвива во повеќе функционално поврзани објекти стационирани на КП бр. 17578/1, 17578/2, 1758/5, 1758/6 и 1758/9 и тоа:

1.Производствени објект

Производствените објекти се наменети за извршување на основната дејност на компанијата - печатница. Во истите се одвива процесот на производство, кој вклучува прием на суровини, нивна обработка, финализација на производите и нивна подготовка за испорака. Објектите се опремени со соодветна техничка и технолошка опрема, обезбедена е вентилација, како и мерки за заштита при работа и противпожарна заштита, како и пропишани хигиенски стандарди.

Сектор за производство на флексибилна амбалажа (фолија) кој се состои од 4 производствени погони во кои се сместени флексо 3 флексопечатарски машини, една бакро машина, 4 машини за ламинација, 5 ножа за надолжно сечење, 2 машини за монтажа на флексо клишеа, 2 машини за формирање на ќеси, 1 машина за самолепливи етикети, 2 ножа за сечење на ролни со самолепливи етикети, 2 машини за сечење хилзни, 1 машина за пакување, 1 машина за балирање на отпад.

Сектор за безбедносен печат кој се состои 2 офсет печатарски машини, 1 машина за нанесување на холограм, 1 машини за штанцување и шлајфирање на етикети, 1 машина за штанцување на етикети, 4 ножа за димензионирање на хартија, 2 фалц машини, 1 машина за шиење, 2 дигитални печатачи, 1 машина за развивање на офсетни полчи, 1 машина за нумерација, 1 табачарка.

Сектор за одржување

2.Магацински простор

Магацините се користат за складирање на суровини, репроматеријали и готови производи. Просторот е организиран на начин што овозможува јасна евиденција, правилно чување и лесна манипулација со стоката. Обезбедени се соодветни услови за складирање (температура, влажност, заштита), како и пристап за товарни возила за прием и испорака.

Во делокругот на фабриката располагаме со

- 4 магацини за суровини и материјали
- 1 магацин за готов производ
- 1 магацин за безбедносен печат
- 1 трезор

3.Административен објект

Административниот дел е наменет за извршување на управни, финансиски и организациски активности. Во него се сместени канцелариите на управата, (оддел продажба, оддел набавка, оддел сметководството, оддел човечки ресурси и оддел припрема, оддел ИТ). Објектот е опремен со канцелариска опрема и информатички системи кои овозможуваат ефикасно управување со работењето.

4.Помошни и технички простории

Во рамки на објектите постојат и:

- санитарни јазли и гардероби за вработените
- простории за одмор и конзумирање храна
- 3 котли
- 2 трафостаници
- плинска станица

Прилог - скица од објекти во точка 1.7

1.6 Да се достави табела со сите машини, опрема и уреди во инсталацијата

Прилог 2 – Попис на опрема и машини

1.7 Да се достави мапа со диспозиција на магацините за чување на суровини



1.8 Да се даде објаснување за отпадните води во инсталацијата, ладење, влажење и вентилација во инсталација

Во рамките на инсталацијата, во канализационата мрежа, покрај редовните санитарни отпадни води од санитарните чворови, се одведува и отпадна вода од компресорските системи. Оваа отпадна вода настанува како резултат на кондензација на влагата присутна во компримираниот воздух при работа на компресорите.Количините на оваа отпадна вода се релативно мали и не претставуваат значителен извор на загадување.

1.9 Да се достави дијаграм на процесот на печатење офсет техника согласно машините кои се користат

Дијаграм на процесот на печатење офсет техника



Процесот на печатење се одвива по прикажаната шема:



1.10 Да се даде опис за животната средина и поширокото подрачје

Инсталацијата на АД печатница „Киро Дандаро“ се наоѓа во урбаното подрачје на градот Битола, во рамките на индустриско-деловна зона во градот. Печатницата претставува индустриски објект во кој се врши печатење на различни печатени материјали и претставува еден од значајните печатарски капацитети во државата.

Поширокото подрачје околу локацијата е урбанизирано и се карактеризира со мешана намена на просторот, каде покрај индустриски и деловни објекти се присутни и сообраќајна инфраструктура, јавни површини и поединечни станбени објекти. Во близина се наоѓаат градски сообраќајници кои овозможуваат пристап до индустриските и деловните капацитети во градот. Од аспект на природно-географските карактеристики, поширокото подрачје се наоѓа во рамките на Пелагониската котлина, која се карактеризира со рамничарски релјеф и претежно земјоделски површини во периферните делови на градот. Урбаниот дел на Битола е опкружен со обработливи земјоделски површини, додека во западниот дел се издига планинскиот масив Баба Планина со Националниот парк Пелистер. Во непосредната околина на печатницата доминира антропогено изменета животна средина, односно урбано и индустриско опкружување со изградена инфраструктура, асфалтирани површини и објекти од деловна намена. Природната вегетација е ограничена на поединечни зелени површини, дрвореди и урбано зеленило. Хидрографската мрежа на поширокото подрачје е претставена со реката Драгор, која тече низ градот Битола и претставува дел од сливното подрачје на реката Црна. Овој водотек има значајна улога во одведувањето на атмосферските и површинските води од урбаното подрачје.

Квалитетот на животната средина во урбаното подрачје на Битола е под влијание на различни антропогени активности како што се индустријата, сообраќајот, енергетските капацитети и урбаниот развој. Потенцијалните влијанија врз животната средина во околината на инсталацијата се поврзани главно со емисии во воздухот, создавање отпад и бучава, карактеристични за урбани и индустриски средини.

1.11 Детално да се објасни процесот на чистењето на машините, какви средста се користат, какви мерки се превземаат пред испуштање во канализациона мрежа, влијанија врз животна средина

Во рамките на технолошкиот процес, машините во делокругот на печатницата се чистат со употреба на етил ацетат, соодветни органски растворувачи (солвенти) и средства за чистење стакло. Чистењето се врши рачно, со употреба на апсорбирачки крпи.

По употребата, контаминираните крпи се собираат и привремено се складираат во соодветно означено и затворено буре, наменето за ваков вид отпад. Понатамошното управување со овој отпад се врши преку овластен правен субјект, со кој операторот има склучено договор (Миноил Штип – договор во прилог), согласно важечката законска регулатива за управување со отпад.

Прилог 3 – Упатство за чисење и одржување на производните машини

Прилог 4 – Работно упатство за хигиена и чистење – работна околина на секој вработен

1.12 Да се даде детално образложение на машината за рециклирање на нечист ацетат

Машината за рециклирање на нечист ацетат (IST EcoPlus202) работи на принципот на кондензација: Имено, резервоарот е двоен сад, во надворешниот сад е исполнет со термичко масло, а во внатрешниот сад се полни валканиот ацетат за рециклирање. Горе садот е затворен со капак на кој се поставени вентил за полнење на садот, сигурносен вентил, како и довод на вода за автоматско гаснење при евентуален пожар во садот. Маслото во надворешниот дел од садот се загрева на температура од 105-110 ^{o}C и индиректно го грее валканиот ацетат на истата температура. При тоа, ацетатот испарува и во кондензатор со разладна течност, пареата се претвора во течен чист ацетат кој се складира во резервоар наменет за складирање на етил ацетат. Еден циклус трае од 240-255 минути, а после тоа згурата (остатокот од рециклажата) автоматски се испушта во буре за складирање на остаток од рециклажа на етил ацетат кој понатаму се третира како отпад со шифра 09 01 04* и соодветно се постапува (Прикажано во точка 4.1, Табела за отпад).

1.13 Во барањето е наведено дека и во офсет одделението има машини за рециклирање на нечист ацетат, да се достават податоци

Одделението за Офсет конкретно нема машина за рециклирање на нечист ацетат, но машината за рециклирање на солвит е поставена во хала непосредно до халата за Офсет. Во таа хала / контејнер е поставена машина за рицклирање на солвит за одделението за припрема. Принципот на работа на оваа машина (FORMECO) е идентичен со машината образложена во точката 1.12, а остатоците од оваа рециклажа исто така се процесира како отпад со шифра 08 01 17* и соодветно се постапува (Прикажано во точка 4.1, Табела за отпад).

1.14 Имате наведено дека во инсталацијата има четири котли од кои 3 се користат. Да се дополни со податоци за тоа дали котлите се приклучени на одделни оџаци, чистење и одржување на оџаците. Термичкото масло што се користи во котелот за технолошкиот процес да се појасни дали се врши редовна проверка, динамиката на проверка и како се постапува со отпадот од термичко масло.

Сите котли во рамките на инсталацијата се опремени со сопствени оџаци, преку кои се врши контролирано испуштање на издувните гасови во атмосферата.

Два од котлите користат тврдо гориво, при што нивното редовно одржување, вклучително и чистењето на котлите и оџаците, се врши од страна на овластена компанија која поседува соодветна дозвола за извршување на ваков вид активности, согласно важечката законска регулатива.

Третиот котел користи течен нафтен гас како енергенс. За овој котел, редовно се врши проверка и сервисирање на пламеникот и котелската опрема од страна на овластен правен субјект. Оџакот на овој котел се контролира периодично, при што не се евидентирани наслаги, што укажува на целосно согорување и правилна работа на системот.

Со воспоставените практики за редовно одржување и контрола, се обезбедува ефикасно функционирање на котлите и минимизирање на емисиите во воздухот, во согласност со барањата за заштита на животната средина и условите пропишани со интегрираната еколошка дозвола.

Прилог 5 – Записници од чистење на оџаците на тврдо гориво

Термичко масло во Киро Дандаро ДОО, се користи исклучиво за технолошки цели. Постојат два затворени системи кои користат термичко масло како флуид за загревање, кој потоа се користи во топлоизменувачите на сушарите за сушење во технолошкиот процес. Едниот систем е стар во кој се користи масло Термол 66, набавено од СИГМА ОИЛС КОМПАНИ ДОО, направен околу 1996 година. Сите машини кои го користеле овој систем се расходовани и надвор од употреба (преостаната е само една КАШИРКА К1, која не се користи повеќе во производниот процес, соодветно е обележана и ставена на продажба). Системот е од затворен тип, и никогаш дополнително не е додавано термичко масло во него. Од овој систем поради отрстранување на дел од цевководната инсталација заради пренамена на производната хала, источени се 900 Кг дијатермичко масло. Истото е соодветно складирано и откупено од лиценцирана фирма за кој постои соодветна документација.

Прилог 6 – Документација одпредавање на отпадно термичко масло

Вториот систем е направен во 2014 година, кога се набавени 3600 литри термичко масло Термол 100, исто така од СИГМА ОИЛС КОМПАНИ ДОО

Прилог 7 – Фактури од набавка.

Системот исто така е од затворен тип и после набавката не се додавани или источени дополнителни количини термичко масло, активно се користи во секојдневните технолошки процеси.

1.15 Да се даде податок за плинската станица, каде е сместена, капацитет, безбедносна опрема и кои мерки се превземаат за спречување на истекување

Плинската станица е поставена на парцелата 17578/2 (скица) во делокругот на фабриката. Капацитетот на станицата е два резервоари со максимален волумен од 10000 литри или вкупно 20000 литри. Плинската станица е направена според изготвен и одобрен проект, во кој се детално наведени сите вградени компоненти и безбедносна опрема. Во случај на непредвидено истекување на плин, резервоарите имаат вентили кои автоматски го прекинуваат целокупниот одвод од резервоарите, а дополнително секоја линија располага со мануелни вентили кои може да се

прекинат при вакви итни случаи. Дополнително резервоарите за плин периодично се проверуваат од овластена компанија за ваков вид на испитување (на 2 години надворешен и на 5 години надворешен и внатрешен).

Прилог 8 – Проекти и извештаи од периодична проверка

1.16 Да се даде податоци за греење, ладење и вентилација на инсталацијата.

Греењето, ладењето и вентилацијата во инсалацијата КИРО ДАНДАРО ДОО експорт импорт Битола се одвива на следниот начин:

- Хала Ножеви:
- Греење, преку систем за вентилација, топлоизменувач кој е поврзан на котел за тврдо гориво (котел Книговезница), со топлински капацитет Q=550 KW;
- Ладење, преку систем за вентилација, топлоизменувач кој е поврзан на централен клима уред со капацитет на ладење Pel=4x45KW;
- Хала Каширки Нови:
- Греење, преку систем за вентилација, топлоизменувач кој е поврзан на котел за тврдо гориво (котел Книговезница) со топлински капацитет Q=550 KW;
- Ладење, преку систем за вентилација, топлоизменувач кој е поврзан на централен клима уред со капацитет на ладење Pel=4x45KW;
- Хала Каширки Стари:
- Греење, преку калорифери, приклучени на топловодна инсталација поврзана на котел за тврдо гориво (котел Бакро), со топлински капацитет Q=550 KW;
- Ладење не е инсталирано;
- Хала Бобст Бакро:
- Греење преку систем за вентилација, топлоизменувач поврзан на котел за тврдо гориво (котел Бакро), со топлински капацитет Q=550 KW и рекуператор кој ја користи енергијата на машината BOBST Rotomec 4003MP додека е приглучена во погон;
- Ладење преку систем за вентилација, топлоизменувач поврзан на чилер со капацитет Pel=49KW;

- Хала Бобст Флексо:
- Греење, преку калорифери, приклучени на топловодна инсталација поврзана на котел за тврдо гориво (котел Бакро), со топлински капацитет Q=550 KW;
- Ладење, клима уреди со капацитет Pel=4x11,7KW;
- Хала Офсет:
- Греење, преку систем за вентилација, топлоизменувач кој е поврзан на котел за тврдо гориво (котел Книговезница), со топлински капацитет Q=550 KW;
- Ладење, преку систем за вентилација, топлоизменувач кој е поврзан на централен клима уред со капацитет на ладење Pel=4x45KW;
- Хала Книговезница:
- Греење, преку калорифери, приклучени на топловодна инсталација поврзана на котел за тврдо гориво (котел Бакро), со топлински капацитет Q=550 KW;
- Ладење, клима уреди со капацитет Pel=4x2KW;
- Службени простории:
- Греење преку радијатори, приклучени на котел за тврдо гориво (котел Книговезница), со топлински капацитет Q=550 KW;
- Ладење, преку уреди за климатизација поставени во канцеларии;

Дополнително за греење на технолошките процеси се користи ТНГ а за капацитетот на одделни уреди во прилог: “ПРЕГЛЕД НА ТЕХНОЛОШКИОТ ПРОЦЕС И КОРИСТЕЊЕ НА ТНГ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРОИЗВОДСТВО 2025”

1.17 Дали во кругот на Вашата инсталација имате сервисна просторија (за сервисирање на машини, транспортни возила, кога не е потребно носење на расипаните делови од машините кај сервисер, при промена на масло и сл.)

Киро Дандаро располага со сервисна просторија, во која се сервисираат само помали делови кои може да се демонтираат од машините. Генерално машините се сервисираат на местото каде што се поставени.

Возилата не се сервисираат во кругот на фабриката, се сервисираат во надворешни фирми наменети за сервис на возила.

2 УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

2.1 Да се достават податоци за управителот со отпад и Договор

Генералниот извршен директор на КИРО ДАНДАРО ДОО Битола со Одлука го има назначено лицето Вецко Петровски за управител со отпад.

Прилог 9 – Одлука и Уверение за положен на стручен испит за Управител со отпад

3 СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

3.1 Да се пополни табелата со суровини, помошни материјали и енергии согласно Правилникот за постапка за добивање на Б – интегрирана еколошка дозвола (Сл. Весник на РМ бр.112/2014 и 42/2016)

ТАБЕЛА IV.1.1 Детали за суровини, меѓупризводи, производи, итн. поврзани со процесите, а кои се употребуваат или се создадени на локацијата

Реф. Бр или шифра	Материјал/ Супстанција[1]	CAS[2] Број	Категорија на опасност[3)]	Моментално складирана количина (тони)	Годишна употреба (тони)	P[12] - Фраза	S[4] - Фраза
Одделение Рото - Флексо							
1.	Полипропилен	9003-07-0	1	426	2146	12	9,16
2.	Хартија	95508-20-6	/	16	50	нема	нема
3.	Полиетилен	9002-88-4	/	197	603.5	нема	нема
4.	Полиамид/полиетилен	000105-60-2	/	/	0.535	нема	нема
5.	Полиестер,метализиран полестер	113669-95-7	/	4	157	нема	нема
6.	Хајкор	8063-42-1	/	/	30,7	нема	нема
7.	ПВЦ	9002-86-2	/	10	23	нема	нема
8.	Алуминиум	7429-90-5	/	24	55	нема	нема
9.	Хартија/полиетилен	/	/	66	32	нема	нема
10.	Хилзни ф70,ф76,ф152	/	/	6661 пар	55921	нема	нема
11.	Лепило	26447-40-5	3	/	43,4	20,2236,37 38,4042,43 48/20	23,26, 36/37,45,60
12.	Боја и лакови (алкохоли, естри, метоксипропанол)	64-17-5 141-78-7 107-98-2	3	109	350	11,10	7,16,23, 24,29,33
13.	Успорувач етоксипропанол	1569-02-4	3	1	4	11,36 67	7,16,24, 25,26
14.	Флексо солвент	64-17-5	3	/	150	11,3667	16,26,33
15.	Етилацетат	141-78-6	3	10	141	11,3667	16,26,33
